**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-9771/1 од 03.12.2025 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **10.12.2025 година (среда) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за формирање на Локален совет за превенција;
3. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом;
6. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје;
7. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба;
8. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес;
9. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на договор за изменување и дополнување на основен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба;
10. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;

11. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030); и
12. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**